# ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Порастот на емисиите на стакленички гасови и зголемените ефекти од климатските промени се двете одлучувачки причини од кои произлезе одлуката на Working Group of Environmental Auditing – EUROSAI WGEA (Работна група за ревизии на животна средина на Европската организација на Врховни ревизорски институции) да ги насочат меѓународните ревизии кон активности преземени од владите на земјите, кон примена на меѓународните спогодби и националната регулатива кои се однесуваат на климатските промени. Ревизијата на успешност е спроведена од страна на 11 ВРИ и во согласност со Работниот план на EUROSAI WGEA за 2009 година.

Целта на ревизијата е да се оценат постигнувањата на земјите учеснички и тоа кај:

Вградувањата на обврските кои произлегуваат од:

- UNFCCC – Рамковната конвенција на ОН за климатски промени од 1992 година;
- Кјото протоколот кон Рамковната конвенција од 1997 година и/или;
- Вградување на националната регулатива која се однесува на климатските промени

Со меѓународната ревизија се опфатени следните области:

- Вршење на набљудувањата на климатските промени и нивните ефекти;
- Активности преземени со цел намалување на климатските промени;
- Предвидувања/прогнози и проценки на реалните емисии на стакленички гасови и нивните нивоа на апсорпција;
- Известување за опфатот и ефектите на преземените активности со цел намалување на климатските промени;

ВРИ одлучија да го ограничат опфатот на национална ревизија во зависност од сопствените национални околности. Затоа Државниот завод за ревизија со националната ревизија ја опфати втората активност од меѓународната ревизија: активности преземени со цел намалување на климатските промени како и поради состојбите опишани во поглавјето Основни податоци од овој извештај.
Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за координацијата, управувањето, меѓународните обврски и обврските од националната регулатива, нивното планирање, имплементација и реални резултати, свесноста за секторските ризици во областа на емисии на стакленички гасови, алатки со кои се градат соодветни политики кај институциите кои се надлежни да ги исполнат поставените цели, дали преземените обврски се во функција на исполнување на целите, дали во државата е воспоставена рамка на управување со која ефикасно и ефективно ќе се управуваат средствата наменети за проекти чија цел е намалување на емисиите на стакленички гасови, дали овие средства придонесуваат кон остварување на целите за намалување на емисиите и други отворени прашања кои ги имавме во текот на ревизијата, а за кои се искажани состојбите во поглавјата Основни податоци и Ревизорски наоди. Периодот како и други прашања поврзани со вршење на ревизијата на успешност за посочената област се дефинирани со документот "Заеднички позиции за соработка за вршење на паралелната ревизија - EUROSAI Audit of Climate Change", потпишан од претставници на сите ВРИ во јануари 2009 година. Според овој документ периодот за кој се однесува ревизијата е 2006 – 2008 година. Ревизијата на успешност која ја спроведе ревизорска екипа од Државниот завод за ревизија е извршена како активност планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2009 година.

# ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Ревизијата на успешност е спроведена од страна на ревизорска екипа од ДЗР.

Ревизијата е извршена по следните фази и периоди:

- Прелиминарни истражувања – 13.03.2009 – 17.04.2009 година;
- Вршење на ревизијата – од 21.04 – 13.07.2009 и од 18.08. - 01.10.2009 година;
- Анализа на резултати и подготовка на Претходен извештај од спроведена ревизија.

Ревизијата на успешност е вршена во функција на надлежните институции со цел објективно презентирање на состојбите кај активностите преземени од страна на сите релевантни институции за намалување на климатските промени како и други аспекти од нивното работење. Со оваа ревизија на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија, а која претставува глобална и потенцијална грижа на голем број држави, како на институциите надлежни за справување со проблемот на климатските промени и нивните ефекти, така и на самите граѓани. Избраната цел на ревизијата – климатски промени во Република Македонија претставува предмет на интерес од повеќе аспекти и за повеќе целни групи.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 Опфат и методологија од овој извештај.